# РЕФЕРАТ

за избор на наставник по предметот **деловна информатика** на
Економскиот факултет - Прилеп

Со одлука бр. 02-1184/1 од 23.06.2009 год. Наставно - научниот совет на Економскиот факултет во Прилеп формира Рецензентска комисија за избор на наставник по предметот **деловна информатика** во состав:

1. д-р Ѓорѓи Кокаланов, редовен професор на Градежниот факултет – Скопје;
2. д-р Лазар Стојаноски, редовен професор на Економскиот факултет во Прилеп;
3. д-р Гордана Трајкоска, редовен професор на Економскиот факултет во Прилеп.

По разгледувањето на пристигнатите материјали, врз основа на Законот за високото образование до Сенатот на Универзитетот "Св.Климент Охридски" – Битола го доставуваме следниов:

## ИЗВЕШТАЈ

На конкурсот објавен во "Утрински весник" од 22.04.2009 година за избор на наставник по предметот деловна информатика се пријави само д-р Коста Сотироски, редовен професор на Економскиот факултет - Прилеп.

**-Биографски податоци**

Д-р Коста Сотироски е роден на 08.06.1963 година во Крушево. Основно и средно образование- гимназија, со континуиран одличен успех, завршува во родниот град. Во учебната 1982/83 се запишува на Економскиот факултет во Прилеп на математичко- статистичко кибернетска насока. Тој предвреме ги завршува студиите во 1986 година, со просечна оценка 8,19. Од март 1986 год. до мај 1987 година, како демонстратор, тој ги изведува вежбите по предметите теориска статистика и математичко-статистичко моделирање. На 01.11.1987 год. се вработува во Економскиот факултет во Прилеп, како помлад асистент по група предмети од Катедрата за математика, статистика и кибернетика.

Во текот на работењето, покрај изведувањето на задачите од наставен карактер (реализација на вежбите по предметите: теориска статистика, математичко -статистичко моделирање, анализа на варијансата и планирање на експериментите, квантитативни методи, програмирање и програмски јазици, АОП ), активно учествува и во работата на Наставната комисија, Комисијата за издавачка дејност и Редакцискиот одбор, Советот на Факултетот (во два изборни мандата), беше секратар на Катедрата за математика, статистика и кибернетика (во два изборни мандата), како и член во Комисијата за студентски стандард при Универзитетот "Св.Климент Охридски" - Битола.

Во учебната 1989/90 година се запишува на постдипломскиот студиум Управување со економски процеси на Економскиот факултет во Прилеп, којшто успешно го завршува, со просечна оценка од 9,37. На 01.11.1993 година, со успех, го одбрани магистерскиот труд на тема: "Монте Карло симулација во управувањето со економските процеси". На 23.04. 1998 година тој успешно ја одбрани докторската дисертација под наслов: "Моделирање оптимална организација на процесот на производство". На 01.10.1998 год. К.Сотироски беше избран за наставник на Економскиот факултет во Прилеп по предметот теорија на извадоци и планирање на експериментите, во звање доцент, а на 02.10.2003 год. по истиот предмет, во звање вонреден професор, а на 25.06.2008 год. во звање редовен професор. На 17.02.2000 год беше избран за наставник по предметот деловна информатика во звање доцент, а за вонреден професор по истиот предмет на 24.11.2004 год.

Во период од 15.07.1999 год. до 15.07.2000 год. К.Сотироски беше ангажиран во планирањето и извршувањето на активностите за едуцирање по информатика во детско- младинскиот центар "Вавилон" под покровителство на хуманитарната организација CESVI при ECHO (Europen Community Humanitarian Office).

На 05.09.2002 год. тој е избран за наставник по предметот статистика за економисти во звање доцент, а на 23.05.2007 год. по истиот предмет, во звање вонреден професор. На постдипломскиот студиум Управување со економските процеси е ангажиран по предметот статистичко моделирање на економските процеси. Во учебната 2003/04 и 2004/05 год. тој ја реализираше наставата по предметот статистика на Интердисциплинарните студии за јавна администрација при Универзитетот „Св.Климент Охридски" во Битола. Во учебната 2006/07, заедно со доц.д-р Ѓорѓи Манчески беше ангажиран за реализација на наставата по предметот статистички софтвер, а во учебната 2007/08 и 2008/09 година е ангажиран за реализација на наставата по предметот експертски системи. Исто така, од 25.12 2002 год. тој е ангажиран за наставник на постдипломскиот стадиум Менаџмент бизнис администрација - МБА по предметите: управување со информациона технологија и менаџмент информациони системи.

К.Сотироски е раководител на Центарот за научноистражувачка работа, член е на факултетската управа на Економскиот факултет – Прилеп и член на Сенатот на Универзитетот „Св.Климент Охридски" – Битола.

Исто така, тој е редовен член на Друштвото за наука и уметност - Прилеп, член на Претседателството на Друштвото за наука и уметност – Прилеп, член на Програмскиот одбор на меѓународниот симпозиум за стратегиски менаџмент и системите за подршка на одлучувањето во стратегискиот менаџмент, во организација на Економски факултет-Суботица, Србија. Во истовреме тој беше индивидуален член на МАЗУК (Македонско здружение за унапредување на квалитетот), главен уредник на Зборникот на трудови од Друштвото за наука и уметност- Прилеп и член на Управниот одбор на PREDA (Prilep Region Enterprise Development Agensy) што е е поддржана од "Swiss Development Cooperation (SDC)" преку "Intrcooperation"- Швајцарска фондација за соработка и развој.

Исто така тој е еден од рецензентите на книгите: „Статистика" од доц.др Василка Попоска-Тренеска и академик Глигор Попоски, „Менаџмент информациски системи" од проф.д-р Маргарита Јанеска, „Збирка задачи по математика за економисти" од проф.д-р Маргарита Јанеска и м-р Марјан Ангелески, „Информатика- теорија и практика" од доц.д-р Мирјана Секуловска, „Илустриран прирачник за MICROFIT 4.0 со збирка решени задачи по економетрија" од доц.д-р Димитар Николоски, „Финансиска и актуарска математика" – збирка решени задачи, од проф.д-р Маргарита Јанеска и м-р Марјан Ангелески. К.сотироски е ангажиран и како ментор и член во комисии на магистерски трудови и докторски дисертации.

Од 30.11.1998 до 05.12.1998 година тој беше во посета на Универзитетот во Нови Сад, Економски факултет- Суботица- Србија. Во текот на посетата реализираше предавања на тема: "Модели на ANOVA и планирање на експериментите и нивната примена во тестирањето на статистичките хипотези кои се дефинирани во економските истражувања" , по предметот статистика за менаџере, а во соработка со предметниот наставник по статистика, академик Милутин Стојковиќ. Од 01.12 до 06.12.2002 год., во рамките на реализацијата на проектот TEMPUS JEP 15041/2000 тој реализирав студиски престој во Универзутетот Ghent –Белгија. Од 15.06.-17.062005, во рамкте на проектот TEMPUS, JEP 18046-2003 тој престојува на University of Macedonia, Thessaloniki – Грција од . Од 11-18.05.2009 во рамките на проектот TEMPUS Joint European Project 41077 2006 JOINT MASTER FOR SOUTH-EAST EUROPE IN ECONOMICS AND MANAGEMENT SCIENCE PROGRAM, престојував во University of Udine, Italy.

Добро го владее францускиот, а се служи и со англискиот јазик.

Област на професионален интерес на К.Сотироски се: економска статистика и деловна информатика.

Тој активно ги користи: Microsoft Office, статистички алатки во Microsoft Excel: Data Analysis, StatPad, PHStat; statisticki kalkulatori: StatCalc, AcaStat, statisticki paketi: CBS, SPSS, STATISTICA и Internet on-line апликации за статистичка анализа и прогноза.

Доделените сертификати, реализираните проекти, научните и стручните трудови до 2004 година се објавени во Билтенот бр. 267 од Универзитетот "Св. Климент Охридски - Битола, година XXVI, Битола 01.11.2004 год. стр. 15-27 , при што кандидатот беше избран за вонреден професор во предметот деловна информатика

## -Сертификати, реализација на проекти и список на научни и стручни трудови

*Сертификати*

1. Сертификат од Економски факултет – Суботица, Универзитет во Нови Сад, за учество на 11th International Scientific Symposium "Strategic management and Decision Support Systems in Strategic management" , Palic-Subotica, Serbia and Montenegro, May 2006.
2. Сертификат од Економски факултет – Суботица, Универзитет во Нови Сад, за учество на 12th International Scientific Symposium "Strategic management and Decision Support Systems in Strategic management" , Palic-Subotica, Serbia and Montenegro, May 2007.
3. Сертификат од Економски факултет – Суботица, Универзитет во Нови Сад, за учество на 13th International Scientific Symposium "Strategic management and Decision Support Systems in Strategic management" , Palic-Subotica, Serbia and Montenegro, May 2008.
4. Сертификат од Економски факултет – Суботица, Универзитет во Нови Сад, за учество на 14th International Scientific Symposium "Strategic management and Decision Support Systems in Strategic management" , Palic-Subotica, Serbia and Montenegro, May 2009

***Реализација на проекти:***

1. TEMPUS JEP 18046-2003 Management and Business education in computer studies,

2.COMMUNITY FORUMS PROGRAMME – Фондација Институт отворено општество – Македонија во соработка со општина Прилеп, а финасирана од Швајцарската агенција за развој и соработка,

3.USAID MACEDONIA- Проект за успешна децентрализација (стратегиско планирање за локален економски развој на општина Прилеп)

4. E.U. CARDS Project: REGIONAL DEVELOPMENT, TRANS-BORDER CO-OPERATION AND THE EUROPEAN UNION FACTOR,

5. INTEREG III A/PHARE CARDS,

6. TEMPUS Joint European Project 41077 2006 JOINT MASTER FOR SOUTH-EAST EUROPE IN ECONOMICS AND MANAGEMENT SCIENCE PROGRAM, prestojuvav vo University of Udine, Italy.

## *Список на научни и стручни трудови*

(1) 1. "МОНТЕ КАРЛО симулација во управувањето со економските процеси", магистерски труд , одбранет на 01.11.1993 година при Економскиот факултет во Прилеп;

(2) 2. "Моделирање оптимална организација на процесот на производство", докторска дисертација, одбранета на ден 23.04. 1998 година на Економски факултет во Прилеп.

*1.1. Учебници, учебни помагала, збирки решени задачи и прирачници*

(3) 1. "Програмски јазик COBOL", учебно помагало, во коавторство со проф.д-р Јаков Црнковиќ и дипл.ек.Љупчо Маркушески, Економски факултет -Прилеп, 1990 год.;

(4) 2. "Теорија на извадоци" – анкетна статистика, статистичко оценување, тестирање на статистички хипотези, учебник, Универзитет "Св. Климент Охридски", Економски факултет Прилеп, 268 стр., 2001 година;

(5) 3. "Статистичко заклучување" – збирка решени задачи, Универзитет "Св. Климент Охридски", Економски факултет Прилеп, 230 стр., 2001 година;

(6) 4. "Компјутеризирана бизнис статистика" – прирачник, Економски факултет, Прилеп, 114 стр., 2002 год.;

(7) 5. "Анализа на варијансата и планирање на експрименти", учебник,Универзитет "Св.Климент Охридски", Економски акултет - Прилеп, стр.208, 2004 година.

(8) 6. "Статистика" , учебник Универзитет "Св.Климент Охридски", Економски факултет - Прилеп, стр.713, 2004 година.

***1.2. Научни и стучни публикувани трудови и публикации***

(9) 1. "Електронско пословање – радикална промена пословање и темељ пословног успјеха", во коавторство со д-р Маргарита Јанеска, Научна конференција на тема "Предизвиците на менаџментот во новите услови", октомври, Ниш, 2004 год., објавен во Зборник на трудови "Економске теме" , вол.42, бр.1-2,стр.607-613

(10) 2. "Знаењето и интелектуалниот капитал – двигатели на развојот", во коавторство со доц.д-р Маргарита Јанеска, Меѓународна конфренција: Квалитет – основа за унапредување на бизнисот", објавен во Зборник на трудови на стр.55-62. МАЗУК, Стопанска комора на Р.Македонија, ГТЗ, Охрид, мај, 2004 год.

(11) 3."Statistical Calculators into function the business decision", (vo koavtorstvo so doc.d-r Margarita Janeska) , Scientific Conference: Management challenges in new conditions, Ниш, октомври 2004, Р.Србија и Црна Гора, објавен во Зборник на трудови "Економске теме" , вол.42, бр.1-2,стр.471-478

(12) 4."Квантифицирање на сатисфакцијата и лојалноста на вработените во деловните системи" , во коавторство со доц.д-р Маргарита Јанеска, Меѓународна конфренција: Квалитет – основа за унапредување на бизнисот", објавен во Зборник на трудови на стр.63-74;

МАЗУК, Стопанска комора на Р.Македонија, ГТЗ, Охрид, мај, 2004 год.;

(13) 5."Statistical Calculators and packages into function the decision support systems" (во коавторство со доц.д-р Маргарита Јанеска); Pushpa publishing House, India..2004;

(14) 6."Statistical Calculators into function the business decision", IX Меѓународен симпозиум: Менаџмент- кључни фактори успеха, Универзитет у Београду, Факултет организационих наука, Златибор, Р.Србија и Црна Гора, 06-10.06.2004;

(15) 7."Нов избор на апликативен софтвер за статистичка анализа" (во коавторство со проф.д-р Маргарита Јанеска) Научно списание, Универзитет "Св.Климент Охридски"- Битола , број 1, април 2005 год. стр. 169-186;

(16) 8."Еден модел за успешен стратегиски развој", (во коавторство со проф.д-р Маргарита Јанеска), Научно списание, Универзитет "Св.Климент Охридски"- Битола , број 1, април 2005 год. стр. 147-156. ;

(17) 9.."Бази на статистички податоци во функција на бизнисот во новата економија", Меѓународна научна конференција: Предизвиците на новата економија, Охрид, 14-16 октомври 2005 год. објавен во Зборник на трудови, том 2, стр.649-658;

(18) 10."Економската политика во Република Македонија – видувања, можности и перспективи низ статистичката евиденција" во коавторство со дипл.ек. Маријан Петрески, Зборник на трудови на ДНУ – Прилеп, том 19/20, 2003/04 год. стр.129-143;

(19) 11."Data mining – пут ка конкурентности", во коавторство со проф.д-р Маргарита Јанеска, Strategijski menadzment – casopis za strategiski menadzment I sisteme podrske strategijskog menadzmenta, Subotica SCG, SM 2005,год.10,број 4,стр.27-31 ;

(20) 12."Администрација статистичких база података", во коавторство со проф.д-р Маргарита Јанеска, Strategijski menadzment – casopis za strategiski menadzment I sisteme podrske strategiskog menadzmenta, Subotica SCG, SM 2005,год.10,број 4.стр.65-68

(21) 13."Statistical Calculators Into Function the Business Decision" Strategijski menadzment – casopis za strategijski menadzment i sisteme podrske strategijskog menadzmenta, Subotica SCG, SM,год.9, 2004. број 3.стр.63-66;

(22) 14. "Statistical Calculators and packages into function the decision support system" (во коавторство со доц.д-р

Маргарита Јанеска), 2005 EOQ Annual Congress , Antalya – Turkey: Quality:The Way to Sustainability , 25-27 април 2005;

(23) 15."Poslovna inteligencija- kljucan cinilac u ostvarivanju konkurentnosti osiguravajuce kompanije", во коавторство со проф.д-р Маргарита Јанеска, SM2006 , XI Internacionalni naucni skup: Strategijski menadzment i sistemi podrske odlucivanju u strategijskom menadzmentu, Subotica, SCG, 25-26 мај 2006. , Зборник апстраката, стр.50;

(24) 16. "Statistički izveštaji u funkciji procesa poslovnog odlucivanja", во коавторство со проф.д-р Маргарита Јанеска, SM2006 , XI Internacionalni naucni skup: Strategijski menadzment i sistemi podrske odlucivanju u strategijskom menadzmentu, Subotica, SCG, 25-26 мај 2006. , Зборник апстраката, стр.55;

(25) 17."Промене у демографској структури и природна кретања становништва у Р.Македонији", ", во коавторство со проф.д-р Маргарита Јанеска и м-р Маријан Ангелески, XI научни скуп "Структурне промене и демографска кретања земаља Јужне Европе" , Ниш СЦГ, 29 јун 2006 год. ;

(26) 18."Statistical packages – modern toolbars management" , AI VIII-lea Simpozion international de Management, SIM 2005 : "Managementul organizatiilor in contextul globalizarii si integrarii euro-atlantice", 11-12 Noiembrie 2005. Timisoara-Romania;

(27) 19.Znanje – kljucni strategiski resurs u poslovanju savremenih organizacija", во коавторство со проф.д-р Маргарита Јанеска, Мајска конференција о стратегијском менаџменту , Технички факултет- Бор, Универзитет во Белград., 6-8 06. 2005 год. ;

(28) 20."Примена пословне интелигенције у осигурителне компаније", во коавторство со проф.д-р Маргарита Јанеска и м-р Маријан Ангелески, II мајска конференција о стратегијском менаџменту, 01-03.06. 2006 год. Бор СЦГ. (објавен во Зборник во електронска форма)

(29) 21."Статистичке извештаје у функцији менаџмента", во коавторство со проф.д-р Маргарита Јанеска, II мајска конференција о стратегиском менаџменту, 01-03.06. 2006 год. Бор СЦГ (објавен во Зборник во електронска форма)

(30) 22."Нови пословни модели електронског пословања- кључ успјеха модерних компанија", во коавторство со проф. д- Маргарита Јанеска и м-р Маријан Ангелески, SYMORG 2006 , X medunarodni simpozium "

Promete organizacije i menadmenta- izazovi evropskih integracija", Zlatibor, SCG, 7-10 jun 2006 ;

(31) 23.Статистички извештаи у функциjи процеса деловног одлучивања" во коавторство со проф.д-р Маргарита Јанеска, SYMORG 2006 , X medunarodni simpozium " Promene organizacije i menadmenta- izazovi evropskih integracija", Zlatibor, SCG, 7-10 jun 2006 ;

(32) 24."Избор на статистички калкулатори во процесот на деловното одлучување" –Годишник на ДНУ -Прилеп 2005/06, Прилеп;

(33) 25."Poslovni modeli elektronskog poslovanja", во коавторство со проф.д-р Маргарита Јанеска, Medjunarodni naucni skup "Procesi integracije u Evropi" Nis, 18, oktobar 2005;

(34) 26.„Апроксимација на емпириските кои најпознатите теориски дистрибуции", III конгрес на математичари на Македонија, Струга, 29 септември до 2 октомври 2005 год.

(35) 27.„Бази на статистички податоци во функција на бизнисот во новата економија". Меѓународна научна конференција „Предизвиците на новата економија", 14-16 октомври 2005, објавен во Зборник на трудови, том 2, стр.649-658;

(36) 28. Selection of statistical calculators in the process of business decision making", во коавторство со проф. д-р Маргарита Јанеска и м-р Маријан Ангелески, "World quality day", 9-10 ноември 2006 Софија;

(37) 29. "Selection of statistical calculations in the process of business decision making, во коавторство со проф.д-р Маргарита Јанеска, III мајска конференција о стратегиском менаџменту , Бор, Србија, 31.05.-02.06. 2007;

(38) 30. "Креирање вредности у е-бизнис организацијама", во коавторство со проф.д-р Маргарита Јанеска и м-р Маријан Ангелески, III мајска конференција о стратегиском менаџменту , Бор, Србија, 31.05.-02.06. 2007;

(39) 31." Демографската структура и природните движења на населението во Р.Македонија според пописот на населението од 2002 годиана" , списание на трудови на ДНУ, том 22/23 годиште, 2006/2007 Прилеп, стр.107-117;

(40) 32.Учесник во општинскиот тим за стратегиско планирање на ЛЕР, брошура „Профил и стратегиски план за локален економски развој на Општина Прилеп, поддржано од американската Агенција за меѓународен развој УСАИД „; април 2007 год., 39-52;

(41) 33."Анализа на варијансата во статистичкиот пакет SPSS", Годишник на Економски факултет- Прилеп, 2004, стр.319-327;

(42) 34."Microsoft Excel во функција на what if анализа при имплементација на системите за поддршка на одлучувањето", во коавторство со проф.д-р Маргарита Јанеска и м-р Маријан Ангелески, Годишник на Економски факултет- Прилеп, 2004, стр.338-353;

(43) 35. "Analysis of the digital and ICT opportunities indexes within the Balkan states" , International Conferences BUSIONESS AND GLOBALIZATION , во коавторство со м-р Марјан Ангелески и проф.д-р Маргарита Јанеска , зборник на апстракти, Охрид, 19-20 октомври 2007, стр.10;

(44) 36."Assessing the attributes of e-readiness in the republic of Macedonia " , International Conferences BUSIONESS AND GLOBALIZATION , во коафторство со проф.д-р Маргарита Јанеска и м-р Марјан Ангелески , зборник на апстракти, Охрид, 19-20 октомври 2007. стр.12

(45) 37. ."Internet statistics in function of business" , International Conferences BUSIONESS AND GLOBALIZATION, во коавторство со проф.д-р Маргарита Јанеска , зборник на апстракти, Охрид, 19-20 октомври 2007. стр.18;

(46) 38."Статистичка анализа за стабилноста на семејството во Република Македонија во период 1992 - 2002 година", Зборник на трудови од Научен собир "Актуелните демографски движења во Република Македонија во светлост на резултатите од пописот на населението во 2002 год.", во организација на МАНУ, 2-3 јуни 2005 год. објавен во Зборник на трудови, Скопје 2007 год., стр.309-321;

(47) 39"Актуарска улога у управљању са ризиком приликом осигурања живота у осигурувајучим компанијама" , XII интернационални научни скуп SM2007, Стратегијски менаџмент и системи подршке одлучивању у стратегиском менеџменту, ***Управљање ризицима у сратегијском менџмнету***. Суботица- Палић, Р. Србија., 17и 18 мај 2007 год. Зборник апстраката 2007, Суботица стр.30-31;

(48) 40. "Статистички извештај у функцији процеса пословног одлучивања", во коавторство со проф.д-р Маргарита Јанеска, SM2006 , XI интернационални научни скуп: Стратегијски менаџмент и системи подршке одлучивању у стратегијском менаџменту, Суботица, СЦГ, 25-26 мај 2006 , Зборник апстраката (стр.55) , објавен во меѓународното списание за стратегиски менаџмент и

системи за поддршка на стратегискиот менаџмент "Стратегијски менаџмент" 4/2006. година XI, стр.114-118;

(49) 41. "Value creation from the e-business models", во коавторство со проф.д-р Маргарита Јанеска, м-р Марјан Ангелески XXXIV симпозијум о операционим истраживањима. Златибор, Србија, септември, 2007;

(50) 42."Business models of the e-business", во коавторство со проф.д-р Маргарита Јанеска, Економске теме, вол.43, бр.2 (стр. 199-207) , 2005;

(51) 43. "Мјерење Е-бизнис стратешке перформансе" XIV International Scientific Symposium SM2009 : Strategic Management and Decision Support Systems in Strategic Management , Суботица, Србија. 21-22 мај 2009. Зборник на апстракти , стр. 29;

(52) 44. E-upravljanje snabdevackim lencem u funkciji dobijanja nove vrednosti" во коавторство со проф.д-р Маргарита Јанеска и м-р Марјан Ангелески, SM2008 , XIII интернационални научни скуп: Стратегијски менаџмент и системи подршке одлучивању у стратегијском менаџменту. Суботица, СЦГ, 15-16 мај 2008. , Зборник апстраката, стр.82.

**1.3.Активности во тек**

1 "Деловна информатика", прирачник (во подготовка) во коавторство со м-р Илија Христоски и м-р Дејан Здравески

2 "Теориска статистика" –збирка решени задачи (во печат);

3 "Теориска статистика"- учебно помагало, (во печат);

4 „Избор на статистички софтвер за деловно одлучување", прирачник во подготовка.

## -Заклучок и предлог

Врз основа на претходно наведените констатации Рецензентската комисија може да го заклучи следното:

-кандидатот проф.д-р Коста Сотироски континуирано е ангажиран на конципирање и имплементирање на системите за поддршка на одлучувањето, со соодветна софтверска поддршка во решавањето на прашањата и проблемите во деловните системи. Досегашниот изминат пат од демонстратор, помлад асистент, асистент, доцент, вонреден професор, објавените самостојни научни трудови, издадените учебници. збирки решени задачи, прирачници, настапот на многубројни научни собири и симпозиуми од национално и меѓународно значење, како и тимската работа во проекти недвосмислено потврдуваат дека тој успешно е ангажиран на нучно и стручно поле;

- врз основа на анализата на приложените трудови може да се констатира дека К.Сотироски покажува особен интерес за примената на

информатиката во деловните системи, а посебно примената на системите за поддршка на одлучувањето со соодветна софтверска поддршка. Според содржината и карактеристиките на трудовите, аргументирано може да се потврди дека Коста Сотироски, како научен и стручен работник, дава значаен придонес во унапредувањето и развојот на компонентите на системот на поддршка на одлучувањето, а посебно на потсистемот на модели;

- научноистражувачката активност и наставно- педагошката дејност на кандидатот е темелна и студиозна, а тоа се гледа не само од обемот на презентираните трудови, туку и од напишаните учебници, учебни помагала, збирки решени задачи, практикум, материјали коишто студентите ги користат за подготовка на испитите по теорија на изводоци и планирање на експерименти, експертски системи, деловна информатика и статистика за економисти;

-основни карактерни особини на Сотироски се совесноста, инвентивноста, професионалноста, селективниот пристап и одговорноста спрема науката и професијата. Тој перманентно се стреми кон подобрување и осовременување на наставата. Заради тоа, тој е почитуван меѓу своите соработници и колеги, а особено од студентите. Знаењето што го поседува од областа на деловната информатика му овозможува негово имплементирање во низа научноистражувачки проекти.

Имајќи ги предвид овие констатации и оценки, Рецензентската комисија смета дека д-р Коста Сотироски ги исполнува законските услови за избор на наставник по наставната дисциплина за којашто конкурира, па затоа со особено задоволство му предлагаме на Сенатот на Универзитетот "Св.Климент Охридски" – Битола проф.д-р Коста Сотироски да го избере за наставник по предметот деловна информатика во звањето **редовен професор**.

Членови на рецензентската комисија

1. Д-р Ѓорѓи Кокаланов, редовен професор на Градежниот факултет - Скопје
2. Д-р Лазар Стојаноски, редовен професор на Економскиот факултет – Прилеп
3. Д-р Гордана Трајкоска, редовен професор на Економскиот факултет – Прилеп